**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број / Numer. 03-2
16.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет:** **Одговор на Претставка за неетичко постапување на новинарите и уредниците во ТВ 24 Вести и главната уредничка на Редакцијата на Фокус**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитуван господине Младеновски,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/2 од 13.01.2025 г.) во врска со тоа дека новинар на Телевизија 24 Вести и главната уредничка на Редакцијата на Фокус Валентина Вурмо се согласиле од Вас да земат изјава за прилог, односно за напис, но тоа никогаш не го реализирале или објавиле.

Според Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, медиумите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат/објават на своите програми. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да прави надзор само врз веќе објавени содржини, почитувајќи го уставното право на слобода на изразување кое е клучно за работата на медиумите и може да се ограничи само под услови утврдени со закон. Исто така, Агенцијата може да ја разгледува усогласеноста на објавените содржини со законските обврски само кај радиодифузерите и кај медиумските услуги видео по барање, но не и кај печатените и кај другите видови медиуми.

Имајќи предвид дека Вашата претставка се однесува на етичките принципи на однесување на медиумските работници, што се предмет на саморегулација, претставката може да ја упатите до саморегулаторните тела, Советот на честа кој работи во рамките на Здружението на новинарите на Македонија, и до Комисијата за жалби во Советот за етика во медиумите на Македонија.

Агенцијата ќе ја извести Телевизија 24 Вести за Претставката.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**